# З А П И С Н И К

Од дваесет и петтата  седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 28.09.2023 година, (среда) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 15** советници.
**Отсатни: /**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и четвртата и итната седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2023/2024 година.
3.Барање од Месна заедница с.Теново.
4.Барање за финансиска помош.
5.Барање за спонзорство за меморијален турнир.
6.Барање од група граѓани од село Милетино.
7.Барање од Ф.К. Беса с.Челопек.
8.Барање од Месна Заедница Блаце.

Претседателот на Советот ги прочита точките и кажа, дневниот ред е предвиден со 8 точки а имаме и дополнителни точки, имавме материјал од училиштето 7 Марси кој ни беше испратен по mail и најверојатно сте го прочитале. Исто така имаме и уште една дополнителна точка за формирање на Локален економски совет како и едно писмо за намера односно за донација.
Понатака Претседателот на Советот праша дали уште некој има за измена и дополнување на дневниот ред.
За збор се јави Абеб Нухии и кажа, и јас имам една дополнителна точка, уште едно барање од Беса, односно барање за финансиски средства како помош за функционирање на спортските клубови во нашата општина.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со дополнителните точки, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 15 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китановски и кажа, има една техничка грешка во втората точка од дневниот ред, таму каде што пишува (за 2022/2023 година) треба да стои 2023/2024 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Усвојување на записникот од дваесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница заедно со забелешката**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 15 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2023/2024 година„ Претседателот на Советот кажа, бидејќи нема претставник од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ кој ќе образложи по истата ја повикувам правната служба да објасни доколку имаат информации.

Од правната служба кажаа, поради оправдани причини немаме претставник од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ но ни пренесоа дека се работи за вообичаена програма за работа како и секоја година, материјал сте имале и сте го прочитале.

Претседателот на Советот кажа, бидејќи нема кој да образложи и истото е од оправдани причини, предлагам точката да ја изгласаме.

Претседателот на Советот точката **„**Годишната програма за работа на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2023/2024 годи**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 15 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Барање од Месна заедница с.Теново„ , Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, точката ја имавме на дневен ред, ја разгледавме и едногласно ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот збор му даде на Секретарот на општината да образложи по однос точката.

Секретарот на општината кажа, имаше иницијатива да се изгради тротоарот кон училиштето во основното училиште во селоТеново, се работи за 300 м2 бекатонки и ивичњаци од 180 м2. За бетон не можеме да им излеземе во пресрет бидејќи немаме отворено постапка за тоа а во компензација ние нудиме механизација.

Претседателот на Советот кажа, добра е соработката на општината со здруженијата, да им се помогне на селата во нашата општина бидејќи е со пократка постапка. Во тек е изградбата на патот во Поречкото маало во село Радиовце, во Челопек исто така се работи а и во улица Дубрава во село Брвеница. Ги охрабруваме граѓаните да бараат во рамките на материјалните можности да им се излезе во пресрет на истите.

Секретарот на општината кажа, би сакал да ги поздравам сите иницијативи и НВО, во разговор со Градоначалникот и општинската администрација побаравме од нив да ни помогнат за

преградување на зид во училиштето во с.Теново, тоа ќе претставува заштеда на греење , подобар образовен систем и други работи.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање од Месна заедница с.Теново„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 15 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Барање за финансиска помош„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, како и секогаш што правиме така и сега, ќе му помогнеме на лицето кое бара помош. Но лицето не е од нашава општина но сепак ќе му помогнеме во рамките на можностите на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање за финансиска помош„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутни 15 советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Барање за спонзорство за меморијален турнир„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, бидејќи се констатира техничка грешка во барањето**,** да се преформулира барањето од Иницијативниот одбор и да одлучи Градоначалникот согласно рамките на можностите на општината**.**

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање за спонзорство за меморијален турнир„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Барање од група граѓани од село Милетино „ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за Урбанизам Абеб Нухии кој кажа, првиот дел од барањето се однесува на поставување блокади за намалување на брзината на возилата во сообраќајниот метеж наречен пат Сува Гора, додека вториот дел од барањето се однесува на изградба на пешачка патека односно мост на реката Јаруга во близина на паркот во центарот на селото.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Секретарот на општината кој кажа, првиот дел од барањето се однесува на работа за која треба да се исполнат некои предуслови, ќе треба да се направи проект но не знаеме дали ќе добиеме дозвола од надлежното министерство. Затоа, првиот дел од барањето ќе треба да се одложи а за другиот дел материјал ќе се обезбеди и тие самите ќе ја завршат работата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање од група граѓани од село Милетино„ само со вториот дел од барањето, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред „Барање од Ф.К. Беса с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Председателот на комисијата за урбанизам кој кажа, ФК-Беса бара бекатон плочки за средување на патот и паркингот до новиот стадион кој е во изградба во атарот на с.Челопек, односно на излезот за село Стримница.Тие не потенцирале квадратна површина а ние како комисија го поминавме како и секогаш по можностите на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави точката „Барање од Ф.К. Беса с.Челопек„ и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред „Барање од Месна Заедница Блаце„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Председателот на комисијата за финансии.

Председателот на комисијата за финасии кажа, и оваа точка беше едногласно прифатено од страна на комисијата а за подетално ќе ви објасни секретарот.

Секретарот кажа, имаме увид дека 40-50 семејни куќи не можат да се поврзат на канализацијата и во преговори сме со М.З и Градоначалникот на таа траса да се изгради потпорен зид за да не се руши земјиштето. Единствен начин е да поминува оваа траса на тој приватен имот на кој ќе поминува и мрежата од фекалната канализација, со тоа што граѓаните бараат тука да се направи потпорен зид. Значи се работи за материјал за потпорен зид и за механизацијата од општината исто така.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање од Месна Заедница Блаце„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**IX**

По однос на деветтата точка од дневниот ред „Предлог-одлука со која се дава позитивно мислење на измените и дополнувањата на Статутот на ООУ„ 7 Марси „ - с.Челопек О.Брвеница „ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, и оваа точка исто како и точката од претходната седница за измена на Статутот на ОУ.Коста Рацин, материјал сте имале и сте го прочитале, значи се работи за некои мали измени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава позитивно мислење на измените и дополнувањата на Статутот на ООУ„ 7 Марси „ - с.Челопек О.Брвеница „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**X**

По однос на десеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за прифаќање на донација од „ЕНЕРГО Р ГРОУП„ ДОО с.Теново„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Секретарот на општината да образложи по истата.

Секретарот кажа, камионот кој го имаме во општинава беше во многу лоша состојба и не се исплаќаше да се поправа. Убав гест од компанијата и ова писмо за намера е добредојдено. За поздравување е компанијата како општествено одговорна бидејќи нас ни треба камион кој ќе работи на големи зафати како што е фекалната канализација.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за прифаќање на донација од „ЕНЕРГО Р ГРОУП„ ДОО с.Теново „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XI**

По однос единаесеттата точка од дневниот ред ,,Барање за финансиска помош на сите Фудбалски и Спортски клубови ,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Абеб Нухии како предлагач на точката да објасни по однос истата.

Абеб Нухии кажа, минатата година општина Брвеница помагаше на спортските клубови и за секој клуб одвои по 30.000 денари, затоа фудбалските и спортските клубови и оваа година бараат финансиска помош но бидејќи трошоците во врска со нивното функционирање се пораснати тие бараат оваа сума да се покачи во рамките на можностите на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, секоја година имаме Буџет за тоа, се надевам дека и оваа година ќе се одвојат средства.

Секретарот на општината кажа, прво да се пофалиме дека интересот за спортот и вложувањето во него вродува со плод сето она што како содржина го нуди општината. Но да не се врзуваме на износи и да биде во рамките на можностите на општината е сосема доволно да се дефинира, Градоначалникот ги знае нивните трошоци но сепак да остане во рамките на Буџетот.

Абеб Нухии кажа, 200 евра им бараат котизација и поради тоа тие ја бараат оваа финансиска подршка.

Синиша Јованоски се јави за збор и кажа, мора да го подржиме барањето и спортот и јас сум дел од Вардар и мислам дека е многу битно за клубовите и многу ќе значи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката ,,Финансиска помош на сите Фудбалски и Спортски клубови,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**XII**

По однос дванаесеттата точка од дневниот ред ,,Предлог-Одлука за склучување на спогодба за основање на Локален Економски Социјален Совет,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на соодветниот од општината да објасни по однос истата.

Соодветниот од општината кажа, оваа точка дојде откако ни беше испратен материјалот и затоа е како дополнителна точка бидејќи ни беше обврска да го основаме. Овој совет е составен од 9 члена од кои двајца од Советот, еден од администрацијата, тројца од Бизнис секторот и тројца од Синдикалната организација. Ова е како советодавен орган кој дава совет и сугестии, ќе помага во давање на идеи. Ова е како спогодба со Бизнис секторот и Синдикалната организација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката ,,Одлука за склучување на спогодба за основање на Локален Економски Социјален Совет,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-1861/2**
**28.09.2023 год.**
**Брвеница**